Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 година),министерот за одбрана, донесе

# УПАТСТВО
## за начинот и постапката за склучување на вонсудски спогодби за исплата на додаток на плата за степен на кариера „Б“ и степен на кариера „В“ за вработените во Министерството за одбрана

### Член 1

Со ова упатство се уредува начинот и постапката за склучување на вонсудски спогодби за исплата на додаток на плата за степен на кариера „Б“ и степен на кариера „В“ за вработените во Министерството за одбрана.

### Член 2

Исплата на додаток на плата за степен на кариера „Б“ и степен на кариера „В“ на вработените во Министерството за одбрана, се врши врз основ на исполнет услов или донесено решение за утврден степен на кариера и поднесено барање за доброволна исплата до Сектор за финансии-Одделение за плати.

Во барањето од став 1 на овој член се наведува периодот за кој се бара исплата на додатокот на плата за степен на кариера „Б“ и степен на кариера „В“.

### Член 3

Секторот за финансии врз основ на поднесеното барање, врши проверка на финансиските податоци за периодот за кој се бара исплата, а во насока на утврдување дали за предметниот период е извршена исплата врз основ на судска одлука.

Доколку за бараниот период не е извршена исплата врз основ на судска одлука, Секторот за финансии изработува пресметка за висината на побарувањето и висината на придонесите.

Пресметката од ставот 2 на овој член заедно со барањето на подносителот се доставува до Сектор за правни работи за изработка на вонсудска спогодба за исплата на додатокот на плата за степен на кариера „Б“ и степен на кариера „В“.

**Член 4**

Вонсудската спогодба за исплата на додатокот на плата за степен на кариера „Б“ и степен на кариера „В“ се изработува во 4 (четири) оригинални примерока, од кои 1 (еден) примерок за барателот, а 3 (три) примерока за потребите на Министерството за одбрана.

Вонсудската спогодба во 4 (четири) оригинални примерока се потпишува од страна на подносителот на барањето и овластеното лице со решение на министерот за одбрана.

**Член 5**

По потпишување на спогодбата од член 4 на ова упатство, Секторот за финансии врз основа на вонсудската спогодба, врши исплата на нето износот на странката и на придонесите во рок од 30 дена од денот на потпишување на спогодбата.

**Член 6**

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

***Бр.*** 01-5348/1
25-09-2015 ***2015 година***
***Скопје***

***МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА***
***Зоран Јолевски***

Изработил: Лазо Петревски
Одобрил: Митар Петковски
Ирена Станковска
Согласен: Милан Андоновски
Спасоја Дамјановски